UDC 32:17]:342.8(497.7)

Kujtim Kasami, MA

# FUSHATA ZGJEDHORE DHE SJELLJA ETIKE NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

# ПРЕДИЗБОРНАТА КАМПАЊА И ЕТИЧКОТО ОДНЕСУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ELECTION CAMPAIGNS AND ETHICAL BEHAVIOR IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Abstract

The focal point of paper is the code of ethical conduct which sets the principles and the specific practices that establish the framework for ethical conduct expected of participants in the political process in Republic of Macedonia.

The basic premise is that the ethical behavior in the pre-election period is no longer perceived as a utopian project of some future just society, but is a substantial theoretical transformation of regulation of the existing political elections. This is the main issue. As to the actual implementation of these principles, the ethical code of conduct essentially serves as a necessary connection that connects horizontally political actors in the campaign, and the vertical line connecting those political actors with their constituents during the election process. The priority of the shared code of ethical conduct in the electoral process is advocated on a deep and enduring respect for the democratic process and compliance wit election laws that codify the rules for elections and campaigning in Republic of Macedonia.

The principles of the ethical conduct in the political process specifically interiorize the fundamental democratic values including the right to vote, the secret ballot, recognizing and expressing the concerns regarding the secret ballot, the accessibility to voting, organization of the political parties, freedom from intimidation in the exercise of the democratic rights, honesty and truthfulness in political campaigning and transparent and public disclosure of political finances in Republic of Macedonia.

**Keywords:** *POLITICAL ELECTIONS, POLITICAL PARTIES, CODE OF ETHICAL CONDUCT*

## Абстракт

Очигледно, етичкото однесување во предизборната кампања веќе не се сфаќа како утописки проект на некое идно праведно општество, туку се работи за суштествена теоретска трансформација на регулирање на постојните политички избори. Претпоставуваме дека етичкиот кодекс на однесување треба да функционира на најопшто рамниште како канал што им дава на носителите на власта и на оние кои се предмет на тоа владеење можности ефективно да ,,комуницираат,, едни со други.

Во ова смисла, етичкиот кодекс на однесување служи како неопходна врска што хоризонтално ги поврзува политичките актери во предизборната кампања, а во вертикална линија ги поврзува тие политички актери со нивните избирачи во текот на изборниот процес. Централен приоритет на кодексот на етичко однесување во изборниот процес е да им се даде на партиите, како основни застапнички институции во кои се обединуваат интереси, се номинираат кандидати и се обезбедува колективна одговорност за владеењето.

Со цел, можностите што се нудат на изборите да ги одразуваат интересите на граѓаните, подеднакво важно е и политичките претставници и избирачите да бидат во состојба да ги препознаваат и да ги искажат своите грижи и да ги соопштат

своите склоности на партиите и избраните пратеници притоа почитувајќи го кодексот за слободни и фер избори.

**Клучни зборови**: *ИЗБОРЕН ПРОЦЕС, ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ, КОДЕКС ЗА СЛОБОДНИ И ФЕР ИЗБОРИ*

## 1. Етичкиот кодекс како критериум за мерење и споредување на однесувањето на политичките актери во изборната кампања

Државата, како и другите институции што можат да влијаат врз благосостојбата и правата на луѓето, мора да задоволи одредени етички услови со цел да ја сметаме за праведна. Преку овие стандарди ги проценуваме намерите на државата кон нас и да ги ориентираме нашите напори кон политички промени. Етичката компонента на политичкиот дискурс е потрага по такви стандарди и по размислување што го оформува нивното оправдување.[396]

Ние често не го заземаме истиот став кон ,,комплексната структура,, на принципите на етичкиот кодекс и практиката што се крие зад етичкиот кодекс. Ова е во согласност со модерната традиција на политичката теорија, но вреди да се постави прашањето дали има причини за следење на традицијата во овој аспект. Во овој дел, моето размислување е дали има смисла да барам општи принципи за следење на политичката кампања што ќе можат да ги дадат причините за и против одредени избори на истиот начин на кој принципите на домашната политика ги водат изборите за алтернативите политики во рамките на државата.

Секој обид за поставување на основа за нормативна политичка теорија мора да се соочи со фактот дека постои значителна мисловна структура, често нарекувана ,,политички реализам,, што ја демантира оваа можност.[397] Скептиптизмот за политичкиот етички кодекс произлегува од многу извори, како што се

[396] Левелен тед Ч. *Политичка антропологија, Вовед.* Табернакул, 2009.

[397] Чарлс Р. Беитс. *Политичка теорија и меѓународни односи,* Просветно дело.

културниот релативизам, мислењето за ефектите на неетичкото однесување врз надворешната политика, сфаќањето дека политичките актери имаат обврска да го следат партискиот интерес и идејата дека не смее да има морални принципи на универзална употребливост во етичкото однесување за време на изборната кампања. Препознавајќи го ова, би било неодговорно да не се направат напори за подобро разработување на етичкиот кодекс и импликациите за нашите морални идеи за попрецизно восприемање на принципите кои се однесуваат на етичкото однесување за време на изборната кампања во Република Македонија. Само на овој начин можеме порационално да ги разбереме нашите етички идентитети и да ги процениме видовите на политичка практика во кои се спуштаме.

Иако е потребна позадоволителна нормативна теорија за етичкото однесување за време на изборната кампања, т.н. политички аналитичар на изборната кампања може да очекува дека ќе наиде на повеќе пречки кои не му пречат на политичкиот „актер" кои воедно е дел од изборите. Главна пречка меѓу овие е општо прифатеното, ако не и некарактеристично убедување дека етичкиот кодекс е невозможен, затоа што се смета дека од повеќе причини би било несоодветно да се даваат морални принципи за политички работи.[398] Друга пречка е дека не е јасно што треба да преставува кодексот во политичката теорија.

Главните пречки произлегуваат од интеракцијата меѓу политичкиот актер и избирачот на изборите, традицијата на интеракцијата и склопот на релативно добро дефинирани прашања во политичката кампања за време на изборите. Во спротивност со тоа, политичката кампања нема ниту толку богата интеракциска традиција ниту толку добро дефиниран склоп на политички прашања односно политичка дебата. Нашите интуиции за етичките проблеми во изборната кампања се помалку цврсти од нашите етички интуиции за домашните проблеми. Каков и да е ставот на еден човек за односот на интуицијата и етичката

---

[398] Томсон Кенет*, Морална паника*, Клио, Београд, 2003.

теорија, се чини дека релативниот недостиг на познати и цврсти интуиции за политичките проблеми ќе го отежни формулирањето на етичките принципи за предизборна употреба. На крајот, како што ќе сугерирам, многу етички прашања не можат да бидат решени дефинитивно без позадоволителни емпириски информации што се достапни.

Современите изборни кампањи содржат многу повеќе од политичките дебати меѓу политичките актери ,,во улога на гладијатори, со оружје и поглед свртени кон друг гладијатор...,, и постојано шпионирање на своите противници... Оваа додатна активност создава специфични етички проблеми чии решенија се многу битни, но кои најверојатно ќе бидат игнорирани затоа што се надвор од традиционалната замисла на политичката кампања.

## 2. Етичкиот кодекс и скептицизмот на реалистите

Многу години беше невозможно за политиколозите да дадат морални аргументи за политичките односи без да се судрат со тврдењето дека нема место за етичките ставови во дискусиите за политичките ставови во однос на домашната или надворешната политика. Површно гледано, тоа е многу веродостојно гледиште, особено во култура која се доживува себеси како обид за реализирање на одреден морален или етички идеал во домашниот политички живот. Уште повпечатлив е фактот дека скептицизмот за реалистите за возможноста на етички и морални норми, кој се здоби со статус на професионално православие во академските и во политичките кругови - беше прифатен од луѓе со цврсти кон другите теми од јавната политика. Иако реалистите често ги користеа аргументите со длабоки корени во модерната политичка теорија, верувам дека нивниот скептицизам, се базира врз неверодостојно размислување и погрешни емпириски претпоставки.

Со цел да го подржам ова гледиште, ќе образложам дека човек не може постојано да тврди дека има етички рестрикции на индивидуалните активности, но нема такви рестрикции на активностите на политичките актери. Ќе започнам со тоа што ќе ја земам предвид разликата (наметната од овој аргумент) меѓу (генерализираниот) етички скептицизам и тоа што ќе го именувам како општ скептицизам со тоа што ќе го именувам како општ политички скептицизам и детално ќе покажам што се е опфатено во претпоставката дека етичкиот скептицизам е погрешен. Треба да се истакне дека е ова навистина само претпоставка; не се обидувам да дадам општ аргумент против етичкиот скептицизам.

Можеме да бидеме скептични за возможноста на политичка етика затоа што сме воопшто скептични за важноста на каква и да е етичко однесување во предизборието. Можеби човек смета дека сите или во најмала рака, повеќето луѓе не можат да бидат мотивирани од етички размислувања или пак дека моралните гледишта се субјективни и бескорисни за решавање на конфликтни тврдења и за исполнување на другите социјални функции на етиката.

Нејзините принципи, етичкото скептицизам и нејзиниот дериват, скептицизмот за политичката етика, претставуваат неприфаќање на моралните аргументи како причини за дејствување. Етичкиот скептицизам може да има различни форми, вклучувајќи го тука и негирањето дека моралните гледишта можат да бидат точни или неточни, негирање дека вистината на моралните гледишта дава причина за дејствување. Разгледувањето на аргументите што ги поткрепуваат можат да им се противстават на генерализираниот етички, морален и политички скептицизам. Најверојатно ќе се покаже дека овие аргументи содржат суштински конфузии или длабоки контрадикторности. Но, со тоа човек нема да може да ја демантира возможноста на социјална или политичка етика; други аргументи за скептицизам може да бидат напредни и, со цел да се обиде да ги негира, човек ќе треба да се потпре на суштински и етички и метаетички

гледишта за да ги демонстрира маните на скептичните аргументи. Сепак, ова би било со цел да се претпостави дека скептицизмот е погрешен, а не да се докаже тоа.

Генерализираниот етички и политички скептицизам може да биде прикажан како погрешен само со давање на прифатлива теорија за етичкиот кодекс и нејзината основа, бидејќи една од функциите на таквата теорија би била да ја објасни возможноста на оние карактеристики на етиката за кои скептиците тврдат дека не ги разберат. Еден важен извор на етичкиот скептицизам е културниот релативизам.

Културните антрополози документираа огромни разлики во гледиштата за разумот и доброто застапена по политичката култура особено во текот на водењето на изборната кампања. Овие разлики се отсликуваат во структурите на различни правни системи и во традиционалните ставови на различните култури кон социјалните правила, колективните идеи и вредноста на индивидуалната автономија.[399] На пример, во некои избори автономијата е жртвувана за исполнувањето на партиските цели. Овде, разгледувањата на политичката разноликост навлегуваат во нашето размислување како податоци што може да резултираат со ревизија на одредени принципи на етичкиот кодекс.

До одреден степен, со тоа што научивме досега во Република Македонија, ние мора да бидеме подготвени да признаеме дека некој концепт на етика е најразумен во некои околности. Ова не укажува дека сите мора да можат да ја признаат разумноста на кодексот на истите претпоставки, согласување на сите политички актери или на сите засегнати во предизборието е многу ригорозно барање за оправданост на етичките принципи[400]. Исто така, треба да забележиме дека проблемот на релативизмот не е ограничен само на политичката етика;

[399] Ф. С. Ц, Нотруп, *Средбата меѓу Истокот и Западот*, глава 10, 14-33.
[400] Левелен тед Ч. *Политичка антропологија, Вовед*. Табернакул, 2009.

интерсоцијални конфликти можат да вклучуваат и слични разидувања за основни етички претпоставки.

Во секој случај, доволно е тоа што при поставување на стандардите за однесување, ќе можеме да ги сметаме за најрационални избори и тоа што сме спремни да го одбраниме овој условно наречен етички кодекс пред секого што не се согласува со ова. Вака донесуваме одлуки што може да бидат етички правилни како и сите други одлуки што можеме да ги донесеме.

### 3. Промените во етичкиот поредок на нашиот изборен процес во Република Македонија

Периодите од изборните процеси, кои се поврзани со крупни трансформации, секогаш предизвикувале крупни поместувања и во дотогашните етички поредоци. Промените во условите на изборните кампањи, кои многу често се поврзани со промени во карактерот на политичките односи, неизбежно повлекуваат промени во политичките односи и во идејно-филозофските погледи, сфаќања и концепции на политичките актери кои се дел од изборниот процес во Република Македонија.

Длабочината на промените, со кои се зафаќани таквите фази на изборниот процес, многу често се прима како криза на етиката и на целокупното етичко однесување во текот на изборниот процес.

За кусо време длабоки промени се одиграа во рамките на македонското општество, нашето општество се ослободи од својот сегментарен карактер. Поради тоа разви доволно брзо за да ја исполни празнината која ја остави во нашите свести. Вербата на политичките актери е расколебана; традицијата на дебатите во изборните кампањи ја изгуби своето влијание; индивидуалното расудување го тресе јаремот на колективното расудување. Меѓутоа, од друга страна, функциите кои се одвоија во текот на таквата изборна бура немаа време да се усогласат едни

со други, новиот етички кодекс настана како механизам за да организира, а особено да ја задоволи потребата за правда. Лекот за злото можеби не е во барањето по секоја цена политичките водачи да ги воскреснат правилата во етичкиот кодекс, бидејќи во тој случај би се однесувале вештачки и привидно почитувани.

Потребно е, всушност, да се прекине со постојната аномија, да се изнајде начин тие правила, да почнат усогласено да се почитуваат, да се внесе во нивните односи повеќе правда, ублажувајќи ги се повеќе со оние надворешни изборни нееднаквости кои се извор на неетичкото поведение во текот на изборниот процес.

При анализирањето на обликувањето на постојниот етички кодекс и формирањето на етичкиот поредок во Република Македонија нужно е да се земаат во предвид и специфичните фактори од религиска природа и етничките односи и разликите помеѓу многубројните политички и етнички групи кои историски се формирале, кои објективно постојат и нужно влијаат врз формирањето на културното поведение и почитување на етичкиот кодекс за време на предизборната кампања во Република Македонија. Поради тоа, почитувањето на етичкиот кодекс во тековните изборни процеси нужно ќе се одвива низ распространото влијание на многубројните општествени фактори од различна природа и со различно значење и низ сите општествени политички противречности кои се карактеристични за изборниот циклус на едно општество кое минува низ сложениот транзиционен процес на својата општествена преобразба.

Особен проблем се социјалните последици од негативното етичко поведение за пост изборниот период во Република Македонија, како што се зачестеноста на неетичкото поведение, деградирањето на политичката волја а со тоа и многуте страни на етиката или на моралот на политичкиот актер или на целата етичка сфера во изборната кампања во Република Македонија. Исто така, проблем е тоа што политичкиот актер е подложен на секаков вид уцени, корупција, неетички притисоци, што прави

изборниот процес да биде исклучен од нормални изборни услови, кои се услов за да имаме слободни и демократски изборен циклус во Република Македонија.

## 4. Поведението во секојдневната политика и за време на изборите во Македонија

Универзалното правило за сите држави е дека изборите треба да бидат демократски и фер. Но, ставени во социјален контекст, овие два збора имаат различно значење во различни држави. Зашто, ако ,,демократски" значи почитување на уставните и законските процедури, ,,фер" е веќе нешто што е дел од нечија политичка култура. Дали ,,фер" е поважно од ,,демократски" затоа што уставот во Република Македонија,, и законите можат да бидат препишани од најдобрите документи во светот, како тие ќе се применуваат во пракса, нормално, ќе зависи од тоа дали сме како индивидуи ,,фер" или ,,нефер".[401] Ова наше , условно речено, поведение е една константа која кулминира со изборите, ако поведението на политичарите на Република Македонија е ,,фер" во секојдневната политика, може да се очекува тие така да се однесуваат и за време на изборите. А, дефинитивно, може и обратно.

Мала земја каква што е Македонија, треба да опстане. Зашто железен закон на меѓународната политика е дека додека големите сили имаат глобални интереси, средните сили имаат регионални интереси, малите држави имаат само еден интерес- да преживеат во ривалитетот на поголемите.

Научена ни е лекцијата дека за траен и стабилен мир во регионот е неопходна американско-европска соработка. Но, не треба да се заборави дека не смееме да ги елиминираме разликите во моќ помеѓу членовите на меѓународното општество, ниту пак влијанието кое една држава го врши врз друга преку

[401] Малевски Д. *Македонија во меѓународните односи.*

притисок, со цел да го произведе саканото поведение. Затоа, Република Македонија мора да ги разбере законитостите на анархичната структура на меѓународното општество.

## 5. Надворешната политика во изборната кампања за време на изборите на Република Македонија

Со одразот на политичките настани се дава една перцепција што се однесува на усогласувањето на нашите внатрешни политички и интересни потенцијали. Особено усогласен збир со нашите големи партнери, со кои, инаку, споделуваме исти вредности и погледи на глобалната судбина и иднина на светот. Вредносната основа македонската надворешна политика е во слободата и демократијата човековите права.

Надворешната политика на Република Македонија се профилира под влијание на две моќни струи. Првата е регионална, а другата глобална. Првата ја сочинуваат соседните земји, додека другата САД и ЕУ. Соседните земји ќе настојуваат да влијаат врз нашата политика користејќи ги средствата во кои се чувствуваат најсилни. Во овој случај, на Македонија и се потребни политичари, спремни, во интерес на својот народ, да речат дека врне иако свесни дека соседите ги плукаат.[402]

Во спротивно, ќе останеме заложници на страстите на бројните национални "херои" кои и во наредните децении ќе ја експлоатираат во политички предизборни цели "капитулацијата" на македонската политика, во моменти кога требало да се издржи само уште малку.[403]

Една реална анализа на меѓународните односи ќе ни рече дека пораките од НАТО и од ЕУ упатени до аспирантите за

402 Малевски Д. *Македонија во меѓународните односи.*

403 Сокалски Х. *Грам превенција, Македонија и искуството на Обединетите Нации во превентивната дипломатија*, Скопје, 2005.

членство, за добрососедски односи и за благовремено решавање на спорните прашања со државните членки со овие два сојузи, е таквиот крај. Јасните и гласни пораки на бројните емисари од Америка последниве години, се индикатори за крајот на политиката на одбраната на политичка волја, е речиси невозможно: треба добро осмислен компромис кој би му се презентирал на народот на одобрување. Треба да се најдат најодговорните луѓе на овој спор: претседателот на државата, премиерот, министерот за надворешни работи. Тоа се политичари кои својата кариера, некој помалку некој повеќе ја должат на фактот дека се бранители на уставното име и кои не попуштаат прилика јавно да се пофалат за своите меѓународни односи. Само тие се во позиција да ги проценат сите факти , па оттаму само тие можат да го водат народот. Невозможно е народот да ги води нив. Оттука и нашата грижа за нивните лични квалитети, зашто не би сакале да не водат политичари кои се кријат зад народот, политичари кои постојано веруваат дека, во последен момент, странските дипломати ќе ја одработат непријатната задача наместо нив; политичари кои влечат конци што на крајот се сплеткуваат себеси и нацијата во неразменливи јазли.

Што се однесува до претседателските, парламентарните и локалните избори во Македонија, тие во Американските средства за информирање се оценуваат како значајни за стабилноста и за европеизацијата на Македонија. Особено, се подвлекува дека :,, Вашингтон и Брисел очекуваат интеграција на Македонија и на други земји од Балканот во Европската Унија, како најдобар пат за заштита на безбедноста на Југоистокот на стариот континент и за неутрализирање, односно намалување на тензиите што произлегуваат од меѓуетничките конфликти.“ [404]

[404] http://www.most.org.mk/images/transparency/art/Izvestaj_DRAFT_final[1].pdf

## Заклучок

Политиката не смее да се лиши од етика, ниту пак, политичарите од етичкиот кодекс. Ако етиката ја избришеме од политиката, Република Македонија може да се најде во една безизлезна ситуација да се охрабрат политичките актери, би се нахранил нивниот егоизам и би се создале недостојни политички услови за живот на заедницата. Во моментот политичарот ќе го стави општото добро пред индивидуалниот интерес, тогаш може да се зборува за почитување на етичкиот кодекс. Кога етичките вредности безусловно ќе се почитуваат од страна на сите, тогаш може да зборуваме за демократија во вистинска смисла на зборот.

Од досегашното искуство во изборните кампањи сведоци сме дека групниот интерес превладува над индивидуалниот. Вредностите кои ги потенцира етиката а се поврзани со општото добро и општиот интерес, се: космополитизам, алтруизам, почит, што е сосема спротивно од интересот во политиката, каде што преовладува егоизмот кој е негативно оценет во етичкиот кодекс.

Политиката е одредена од интересите, пред се, од поединечните, особено од партиските, односно, од партикуларни интереси, а етиката ја нагласува предноста на општото добро. Но, најчесто, особено политичарите ги поткренува сопствениот интерес, а не општото добро, и кај интересот проблематично е што пречесто постои егоизам кај индивидуата.[405]

Доколку се оди кон егоистично остварување на сопствените интереси, политичките актери кои не обрнуваат внимание на оправданите интереси на другите, ниту на општо добро на граѓаните на република Македонија, ќе бидат доведени до самоуништувачка конкурентска борба то ест кампања на изолирани партикуларни интереси.

Македонските политичари не треба да заборават дека во односите помеѓу државите нема вечни пријатели. Односите

[405] Политичка антропологија, Табернакул, 81-95.

меѓу етничките групи се само рефлексија на оние внатре во политичките водачи кои немаат што друго да им понудат на своите сограѓани освен омраза кон другиот.[406] Тоа што покажуваат анализите е дека во нивните настапи пред изборите никогаш не може да се слуша добар збор за другата етничка група.

Во секој случај евидентно е отсуството на толеранција и спремност да се даде предност на другиот, некои од белезите на демократско поведение. Овој белег ја произведоа политичките групи, интелектуалците, новинарите и сите останати кои се дел од предизборните процеси. Очигледна е отсуството на култура во комуникацијата во предизборието, да се сослуша другиот. Вакво поведение ќе имаме се додека во меѓусебната комуникација не се научиме да го чуваме достоинството на другиот, на другата страна. Проблемот е тоа што, само луѓе со лично достоинство можат да го чуваат достоинството на другите. Политичките водачи не смеат едно нешто да заборават. А тоа е секогаш кога ќе ја убијат дебатата, ќе ја убијат и самата суштина на демократијата.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Ф. С. Ц, Нотруп, *Средбата меѓу Истокот и Западот*,

[2] Рамоне И.*Тивки пропаганди, Масата , телевизијата, филмот,* Скопје 2004

[3] Левелен тед Ч. *Политичка антропологија, Вовед*. Табернакул, 2009

[4] Томсон Кенет*, Морална паника*, Клио, Београд, 2003

[5] Дафилд М*. Глобално владеење и нови војни, Спојување на развојот и на безбедноста*, , Скопје 2001

[6] Савевски З. *Демократија, модели и дилеми*, Скопје 2004

---

406 Natasha Gaber and Aneta Joveska*, „Transformation in the Macedonian political system and the inclusion of ethnic groups*".

[7] Николовски З. *The Macedonian Diaspora/ Македонската дијаспора*

[8] Сокалски Х. *Грам превенција, Македонија и искуството на Обединетите Нации во превентивната дипломатија*, Скопје, 2005

[9] Гжетож В. Колодго, *Перспективите за развој на постсоц. земји*, Скопје, 2004

[10] Малевски Д. *Меѓународна политика*, 2000, Правен факултет, Скопје

[11] Малевски Д. *Македонија во меѓународните односи*

[12] Нацев З. *Стратегиски Проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика*, Европа 92-Кочани 2013

[13] Јамес Ј. Регенс *The economic realities of political reform*, Tulane University, Luisiana , 2005

[14] Loewenstein Karl, *Political Power and the Governmental Process*, Chicago, 1957;

[15] Сузан Роуз Ејкерман , *Корупцијата и власта, Причини, последици и реформа*, Скопје 2012

[16] Natasha Gaber and Aneta Joveska, *„Transformation in the Macedonian political system and the inclusion of ethnic groups*“.

[17] Elections," *The Journal of Politics,* vol. 63, no. 1 (February 2001), p. 178.

http://www.ferizbori.mk/kodeks-na-odnesuvanje-za-slobodni-i-fer-izbori/

[18]http://www.most.org.mk/images/MOST/soopstenie%20press_16.03.2014_MKD.pdf

[19]http://www.most.org.mk/images/transparency/art/Izvestaj_DRAFT_final[1].df

[20]http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=0B43CE4B7D78BB4D974DAC486B52C68E

[21]http://www.transparentnostmk.org.mk/Upload/dokumenti/Zarobena_demokratija(web).pdf

[22]http://www.sitel.com.mk/mk/debata-sporot-za-imeto-problem-i-dilema-za-makedonskata-diplomatija

[23]http://www.sitel.com.mk/mk/debata-imeto-nasproti-eu-i-nato-lazhna-dilema

[24]http://www.fb.uklo.edu.mk/knigi/Cane%20T.%20Mojanoski%20Letopis%20na%20makedonskata%20demokratija.pdf

[25] http://www.project-firefly.com/topic-2012-presidential-election

[26]http://www.sitel.com.mk/mk/debata-imeto-nasproti-eu-i-nato-lazhna-dilema

[27]http://daily.mk/izbori

[28] http://r.ping.mk/tb/4ly0